ISSN 2671-3829

ГРСТ

СПИСАНИЕ НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ПРОЕКТИ–ОБУКИ–РАБОТИЛНИЦИ

СТРУЧНИ АКТИВИ

КРЕАТИВНИ И НАДВОР ОД ТД



2021

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ТАКИ ДАСКАЛО
БИТОЛА

тел: 047-220-192

ул. „Димитар Илиевски - Мурато“ бр. 37 Битола
takidaskalobitola@gmail.com www.takidaskalo.edu.mk



ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

природно-математичко подрачје,
општествено-хуманистичко
јазично-уметничко подрачје.

БИЛИНГВАЛНА ПАРАЛЕЛКА:
англиско - македонска





ГРАФИЧКА СТРУКА/
СЕКТОР ГРАФИЧАРСТВО:
Графички техничар/
графички уредник-дизајнер

Печатар/
Изработувач на визуелни апликации

УЧЕБНА 2021/2022

ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКАСТРУКА/
СЕКТОР ГРАДЕЖНИШТВО
И ГЕОДЕЗИЈА :
Архитектонски техничар/Градежен техничар



СООБРАЌАЈНА СТРУКА/
СЕКТОР СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ
И СКЛАДИРАЊЕ

Техничар за патен сообраќај
Техничар за транспорт и шпедиција



ГЕОЛОШКО РУДАРСКА
И МЕТАЛУРШКА СТРУКА /
СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА,
РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА:

Геолошко-рударски техничар




ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА /
СЕКТОР ТЕКСТИЛ, КОЖА И
СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ:

Техничар за дизајн на облека/
техничар за изработка на облека




СТРУКА/СЕКТОР:
ЛИЧНИ УСЛУГИ
Техничар за козметичка
нега и убавина,



УГОСТИТЕЛСКО –
ТУРИСТИЧКА СТРУКА/
СЕКТОР
УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ :

Хотелско - туристички техничар



ГРСТ

- списание на СОУ „Таки Даскало“ - Битола
бр.3, 2020/2021, ISSN 2671-3829

За издавачот:
Добре Босилковски, директор

Главни и одговорни уредници:
Весна Мундишевска-Велјановска
Марија Младеновска-Димитровска

Редакција:
Добре Босилковски
Николче Ѓелевски
Владо Ѓорѓиевски
Петар Ѓорѓиевски
Драгица Здравковска
Славица Јовевска
Катерина Спасовска-Маурдева
Даниела Митревска
Драган Николовски
Милица Димитријовска-Радевска
Елизабета Ристевска

Јазична редакција:
Милица Димитријовска-Радевска

Техничко уредување и корица:
Миле Атанасоски

Контакт адреса:
Ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр.37, Битола
e-mail: takidaskalo@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk





Содржина:

4 Меѓународна соработка
5 Проекти – Обуки – Работилници
14 Геолошко рударска и металуршка струка
16 Сообраќајна струка
18 Градежно-геодетска струка
20 Текстилно-кожарска струка
22 Графичка струка
24 Гимназиско образование
26 Угостителско-туристичка струка
28 Лични услуги
30 Признанија/ Награди
30 Волонтерски клуб
31 Креативни и надвор од ТД
34 ГРСТ-забава: Осумнасочник

ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ



Во моменти кога условите за работа се отежнати предизвикни од пандемијата, СОУ „Таки Даскало“ – Битола настојува успешно да се соочи со предизвиците и во услови на Ковид-19.

Во таа насока наставата се реализира успешно онлајн и со физичко присуство во согласност со протоколот пропишан од Комисијата за заразни болести на Република Северна Македонија.

Напоредно со тоа се прават напори за реализација на инфраструктурни и други проекти со цел подобрување на условите за работа и учење.

Со поддршка на Општината Битола ќе се изврши реконструкција на училишниот двор и спортските терени со целосно осветлување и уредување, така што младите ќе можат да спортуваат и во вечерните часови, во зависност од потребите и желбите.

Во насока за одржување на физичкото и психичкото здравје на учениците и вработените во тек е реализација на проектот за реконструкција на спортските сали со целосна замена на подот, обнова на внатрешните ѕидови, замена на дограмата во внатрешноста на спортските сали и блок Б, реконструкција на скалите во блок Б, изградба на рампа за лица со инвалидитет, сето тоа финансиски поддржано од Министерството за образование и наука.

СОУ „Таки Даскало“ не застанува тука. Се грижиме за психичкото здравје на учениците и вработените каде напорно работи психолошко-педагошкиот тим со цел надминување на тешкотиите од пандемијата.

Наставниот кадар и сите вработени, под раководство на менаџерскиот тим на училиштето, се вложуваат несебично за извршување на своите задачи во услови кога пандемијата го зема својот данок и постојано има отсутни вработени зафатени од Ковид-19.

Сепак, волјата и желбата за да се постигне повеќе нема да згасне кај целиот колектив, кој е единствен и беспоштедно се вложува во целокупната работа на училиштето.

ЕРАЗМУС ПРОЕКТИ

СОУ „Таки Даскало“ е лидер во Еразмус проекти во рамките на кои се реализираа бројни студиски посети на наставници и ученици во партнер-земјите како Франција, Шпанија, Италија, Португалија, Турција, Германија, Австрија, Романија, Полска, Чешка, Литванија, Хрватска, Бугарија, Норвешка, Финска, а во возвратни посети на нашето училиште и на Битола дојдоа стотици ученици и наставници од земјите-партнери и се создадоа трајни пријателства и размена на искуства. Во завршна фаза е Еразмус проектот „Движете се дигитално и бидете Европејци“, а во процес на апликација се уште неколку проекти.

ПЛОДНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ВО УСЛОВИ НА СВЕТСКА ПАНДЕМИЈА

И во време на светска пандемија, кога речиси сите активности беа или откажани или одложени или префрлени да се реализираат онлајн, стручната служба од СОУ „Таки Даскало“ успеа да ја реализира дел од меѓународната соработка преку учества на меѓународни научни и стручни конференции, конгреси, обуки и семинари во земјата и странство.

Во периодот од 15 до 18 октомври 2020 година психолозите Славица Наумовска и Марија Младеновска-Димитровска, зедоа учество со свои научни трудови на XXVI научна конференција „Емпириски истражувања во психологијата“ која се одржа онлајн во организација на Филозофскиот факултет, Институт за психологија, Лабораторија за експериментална психологија.

Исто така, стручните соработници-психолозите Славица Наумовска и Марија Младеновска Димитровска, со коавторски стручен труд: „Човековото право за образование на лицата со попреченост со инклузија“, зедоа учество на Третата меѓународна научна конференција „Кон подобра иднина: човекови права, организиран криминал и дигитално општество“, која на 3 октомври 2020 се одржа во организација на Правниот факултет од Битола, а зедоа учество и на завршната конференција и тркалезна маса „Намалување на родовите стереотипи во образованието“ организирана од Институтот за човекови права (IHR) од 15 до 17 декември 2020 преку онлајн платформа.

На втората Интернационална научна конференција „Надарените и талентираните креатори на прогресот“, која, исто така, поради пандемијата се одржа онлајан на 28 октомври 2020, во организација на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“, учесници од СОУ „Таки Даскало“ беа училишните психолози Славица Наумовска и Марија Младеновска-Димитровска, Марија Јовановска – училишен педагог и Валентина Николовска – проф. по македонски јазик и литература.

Психологот и психотерапевт Славица Наумовска, со свој труд учествува на „10. интернационален конгрес за когнитивна психотерапија“, организиран од Интернационалната асоцијација за когнитивна психотерапија, кој требаше да се одржи минатата 2020 година, но поради пандемијата е одложен и ќе се одржи онлајн од 13 до 15 мај 2021 година, во Рим, Италија.

Славица Наумовска, исто така, учествуваше со свој стручен труд на тема: „Менталното здравје во виртуелниот свет на човештвото во сегашноста“, на Седмата научно-стручна конференција организирана онлајн од Центарот за психолошко советување на студенти при Студентскиот културен центар во Ниш, Србија, од 09 до 10 ноември 2020 година, како и на обуките-работилници од областа на конгнитивната психотерапија на тема „Со емоциите на Ти“, организирана од Центарот Психонега од Ниш, Србија на 27.9.2020 (онлајн) и на предавањето на тема „Да зборуваме за менталното здравје“ во организација на „Оли психолошко едукативен центар“ Белград, Србија, што се одржа на 12.10.2020 (онлајн).

РЕАЛИЗИРАНИ КРУПНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА



Со средства од МОН се санира покривната конструкција на СОУ “Таки Даскало“. По тој повод во посета на училиштето беше заменик-министерката за образование и наука, Елизабета Наумовска, заедно со градоначалничката на Општина Битола, Наташа Петровска.

Наумовска, која пред да стапи на таа функција, претходно беше директорка на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, при посетата, чија цел беше да се запознае како се одвиваат градежните зафати, истакна:

– Владата и МОН вложуваат многу за подобрување на условите за работа и учење на наставниците и учениците. Една од инвестициите е санацијата на покривот на двете згради и спортската сала на СОУ „Таки Даскало“, од каде и јас потекнувам. Вредноста на оваа инвестиција е над 260 илјади евра. Инвестирано е и во опрема во висина од 55 илјади евра за градежно-геодетската струка и за графичката струка, со што ќе имаме поголем квалитет во изведување на наставата.



Градоначалничката на Битола, Наташа Петровска, истакна дека е задоволна од инвестициите кои се вложени во училиштето:

– Во СОУ „Таки Даскало“ се изврши целосна санација на покривната конструкција на двете згради и спортската сала. Многу сум задоволна што има експанзија не само на градежни активности, туку и вложување во нова компјутерска опрема и кабинети.

– Направени се крупни инвестициски зафати во училиштето. Се изврши промена на покривната конструкција на двете згради и покривот на спортската сала, средства кои се обезбедени од МОН, а дополнително се работи и на ДУП со кој ќе биде изградена спортска сала во дворот на училиштето, а ќе има и ново хортикултурно уредување на дворот – истакна директорот на училиштето Владо Ѓорѓиевски



НОВА ОПРЕМА ЗА КАБИНЕТИТЕ НА ГРАФИЧКАТА И ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКАТА СТРУКА

СОУ „Таки Даскало“ – Битола континуирано работи на унапредување на процесот на настава и осовременување на условите за работа на наставниците и на учениците. Во последните две учебни години се реализираа вредни инвестициски проекти преку Министерството за образование и наука и беше донирана современа и софистицирана опрема за графичката и градежно-геодетската струка, со што се овозможи изведување настава во најсовремени услови и со најсовремена опрема. Училиштето во неколку наврати го посетија министрите и замениците министри за образование и наука кои го искажаа своето огромно задоволство за реновирањето на кабинетите на двете струки кои се опремија со современа компјутерска опрема и софистициран софтвер, како и со современи нагледни и технички средства за непречено одвивање на наставата по



стручните предмети во овие струки.

Директорот на СОУ „Таки Даскало”, Владо Ѓорѓиевски истакна дека еден од основните приоритети на училиштето е да ги следи современите текови во образовниот процес и во општеството и да креира современи услови за стекнување знаења, унапредување на воспитно-образовниот процес, имплементација на современите реформирани наставни планови и програми, примена на икт-технологија во наставата, отворање нови образовни профили согласно потребите на пазарот на трудот и креирање на кадар кој ќе ги поседува стручните компетенции, кои се потребни за стопанството и бизнис-секторот.

МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОСЕТА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“

Министерката за образование и наука Мила Царовска и градоначалничката на Општина Битола, Наташа Петровска, го посетија СОУ „Таки Даскало“, каде што во изминатиот период се инвестираа 16 милиони денари од буџетот на МОН, за целосна реконструкција на покривната површина, на три училишни објекти, вклучувајќи ја и спортската сала каде е ставена и термоизолација, а беа комплетно опремени и кабинетите за графичката и градежно-геодетската струка.



- Министерката беше запознаена со сите крупни инвестициски зафати кои се направени во училиштето дури и во состојба на пандемија со Ковид-19. Се изврши промена на покривната конструкција на двете згради и покривот на спортската сала, со средства од МОН, а со помош на Општината Битола, обезбедени се и услови за одвивање на онлајн наставата со набавка на 25 компјутери. Покрај овие инвестиции во училиштето комплетно е реновиран кабинетот за градежно-геодетската струка со најсовремена компјутерска опрема, електронска табла и други нагледни средства за градежно-геодетската струка, а беше опремен и кабинетот за графичката струка со најсовремена компјутерска опрема, техника и нагледни средства – истакна директорот на училиштето Владо Ѓорѓиевски




СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ РЕАЛИЗИРА ДВА ПРОЕКТИ ОД ГРАНТ ПРОГРАМАТА НА МОН ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИТЕ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ



Во СОУ „Таки Даскало“ се реализираат два проекти од Грант програмата на МОН за развој на вештини и поддршка на иновации, а се реализираат во соработка со Мегасофт Битола. Едниот проект е од Мерка 2: Испраќање на ученици на практична обука во компании, во рамките на кој на практична обука во „Мегасофт“ се вклучени 52 ученици од графичката струка, кои ги усовршуваат своите компјутерски вештини од областа на графичкиот дизајн и стекнуваат практични вештини од струката.


Вториот проект е од Мерка 3: Воспоставување на курсеви со решавање на проблеми за зајакнување на меките вештини кај учениците и наставниците, во кој се вклучени 50 ученици од градежно-геодетската струка (градежен и ахритектонски техничар) кои се обучуваат во Мегасофт за компјутерски вештини, стекнуваат практични искуства преку работа на софистициран софтвер за проектирање со AUTOCAD, изработка на документи, табеларно претставување на податоци, презентации, вештини за маркетинг, дигитална безбедност итн.




Во рамките на овој проект покрај ученици се вклучени и 22 професори кои посетуваат обуки за англиски јазик и компјутери, преку кои ги усовршуваат своите јазични вештини, вештини за работа на Интернет, ИТ безбедност, заштита од злонамерни компјутерски вируси, стекнуваат вештини за маркетинг – ФБ рекламирање итн. Обуките се реализираа во Мегасофт Битола, но поради пандемијата со корона вирусот завршните обуки се префрлија на реализација онлајн.


ПРОЕКТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕСОТ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ

Психологот од СОУ „Таки Даскало“ – Битола, м-р Марија Младеновска-Димитровска, одржа серија предавања во кои беа вклучени и учениците од билингвалната гимназија од СОУ „Таки Даскало“ и од СОУ „Јане Сандански“ на теми: „Стресот и психолошките последици од стресот во кризна ситуација на пандемија и изолација“ и „Стратегии за справување со стресот во време на пандемија и изолација“. Предавањата, чија цел беше да се зголеми информираноста на младите за важноста на менталното здравје за време на пандемијата со Ковид-19 и примена на ИТ алатките за комуникација во функција на заштита на менталното здравје, се реализираа во рамките на проектот „Примена на ИТ алатки за комуникација за социјална поддршка на младите од Пелагониискиот Регион, во време на пандемија на Ковид-19“, кој го реализираше Здружението за меѓународна младинска соработка „Интерактив“ во соработка со СОУ „Таки Даскало“, а поддржан од Цивика Мобилитас, програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).





Учениците се запознаа со психолошките последици од пандемијата и изолацијата, како да се справат со стресот, како да го сочуваат психичкото здравје во состојба на пандемија. Во рамките на проектот учениците осмислија и изработија позитивни пораки, се изготви и видео кое ги содржи пораките од младите за младите, а се издаде и публикација со активностите од проектот.



УЧЕСТВО НА ВЕБИНАР







На ден 12.2.2021 година дел од учениците од IV година, гимназија, предводени од својот ментор Александра Ристевска, професор по предметот Социологија, беа учесници на вебинар за средношколци, организиран од страна на Собранието на Република Северна Македонија, на тема: Демократијата и Собранието, со што се збогатија со знаење за тоа што е демократијата, кои се нејзините придобивки и карактеристики на парламентарната демократија, како и најважните историски датуми и настани од модерниот развој на македонскиот парламентаризам, а исто така и преку виртуелна обиколка на Собранието се запознаа и со просторот во кој работи Собранието, со што се здобија и со сертификати за учество.










ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ ЗА ХЕРАКЛЕЈА ИЗГОТВЕН ОД УЧЕНИЦИТЕ ОД УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКАТА СТРУКА

Учениците од угостителско-туристичката струка во СОУ „Таки Даскало“ Битола, Филип Неделковски, Христина Ѓорѓиоска, Теа Блажевска, Петар Спасевски, Музафер Ибраимов, Филип Додевски, Александар Јазевски, Бајхан Мемедовски, Сенат Халимовски, под менторство на професорката по уметност м-р Билјана Исијанин, изготвија Туристички водич за млади „Запознајте ја Хераклеја Линкестис“. Водичот, кој е многу професионално изработен, е изготвен во соработка со д-р Ирена Ружин од НУ Завод и музеј Битола, во рамките на слободните активности на училиштето и во него има голем број информации за античкиот локалитет Хераклеја Линкестис, за сите објекти кои се наоѓаат во локалитетот: Театарот, Термите, Портикот, Судницата, Ранохристијанските базилики, мозаиците, Епископската резиденција и е богато илустриран со фотографии од античкиот локалитет и одлично графички дизајниран. Во соработка со бизнис-секторот, примероци од туристичкиот водич се дадени на Туристичката агенција Ариес, со цел промоција на угостителско-туристичката струка, но и на културното наследство и туристичките атракции на Битола.







СОРАБОТКА СО НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК



СОУ „Таки Даскало“ – Битола и НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола континуирано спроведуваат заеднички активности и проекти. Со таков проект беше одбележан 21 февруари, Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. За таа пригода учениците подготвија текстови со различна тематика посветени на мајчиниот јазик. Проектот беше реализиран на Teams и споделен од повеќе електронски социјални мрежи.

„Негувај си јазик свој – негувај си дух твој. // Мислите вредни за в заточение не се, // ами за од уста в книга да се истурат“. „Јазикот поседува посебна енергија, тој е полнач на душата, ја полни и ја храни... во моментите кога душата сака да лета“ се само дел од искрените и емотивни пораки на ученичките: Во проектот учествуваа: Магдалена Дандушевска, Елдина Мифтари, Ангела Атанасовска, Патрисија Темова, Александра Петровска и Михаела Нешковска, ученички во трета година гимназиско образование. Ментор им беше Николина Поповска, наставник по Македонски јазик и литература.






СЕДМИЦА ЗА КАРИЕРИ

Од 22 до 26 февруари, Емилија Крстевска – ученичка од билингвалната паралелка II 12, која има стипендија од „Кенеди Лугар програмата за учење и размена за Млади“ (KL-YES) што им овозможува на средношколците да одат во САД за една академска година, заедно со Американските Совети, направи проект „Седмица за кариери“ каде секој ден се зборуваше за различна професија со различен професионалец. На третиот ден од настанот, нашата професорка по предметот Применета биологија, д-р Флорида Кулевска, гостуваше како професионалец во категоријата за медицина, биологија и хемија. Додека на петтиот ден, нашата професорка по Англиски јазик, и класен раководител на првата генерација на билингвалната паралелка, Валентина Богојовска, гостуваше во категоријата за едукација и уметност. Двете професорки го споделија нивното искуство и знаење со учесниците, на забавен и едукативен начин. Настанот имаше повеќе од 100 учесници во текот на седмицата и се одржуваше виртуелно преку платформата Zoom.

Прилогот го подготви:
Емилија Крстевска II 12


ИЗЛОЖБА НА РАЧНО ИЗРАБОТЕНИ МОДНИ ДОДАТОЦИ



По повод 8ми Март – денот на жената, на плоштадот „Магнолија“, учениците од I и II година од текстилната насока/ техничар за дизајн на облека и техничар за изработка на облека организираа изложба на рачно изработени модни додатоци.

Со примена на различни текстилни материјали и техника на везење, учениците изработија уникатен и необичен накит (ланчиња и брошеви), ташни, футроли за мобилни, паричници, кои на облеката и даваат еден карактеристичен изглед и ја надополнуваат на оригинален начин.


Сите модни додатоци беа изработени во рамки на програмите „Изработка на модни додатоци за облека“ и „Дизајнирање и изработка на везени производи“ кои се реализираат во I и II година како активности по слободен избор на ученикот.







СОРАБОТКА НА НАШИ ПРОФЕСОРКИ СО ДРУШТВОТО НА ПИСАТЕЛИ „БИТОЛСКИ КНИЖЕВЕН КРУГ“




Нашите професорки Весна Мундишевска-Велјановска (графички стручни предмети), Милица Димитријовска Радевска (Македонски јазик и литература) и Љубица Мешкова-Солак (Ликовна уметност) редовно учествуваат во активности организирани во соработка со Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“ (БКК). Нивни поетски и ликовни творби по повод 21 март – Светскиот ден на поезијата беа објавени на веб страната на БКК, а трите се дел и од проектот „Синестезија на зборот“.



Имено, Весна М. Велјановска и Милица Д. Радевска се застапени со поетски творби, а Љубица М. Солак со свои ликовни дела во книгата „Синестезија на зборот“ која ја издаде Битолскиот книжевен круг по повод стогодишнината од раѓањето на Блаже Конески. Книгата е мозаик на творби од 18 писатели посветени на Зборот, вкомпонирани со колоритот на уметничките дела на 10 ликовни уметници. Воедно, Весна Мундишевска-Велјановска е дел и од тимот приредувачи на изданието, заедно со писателките Даниела Андоновска-Трајковска и Елизабета Јончиќ, а ја реализираше и компјутерската обработка и дизајнот на корицата. Љубица Мешкова-Солак е ликовен уредник на изданието и автор на илустрацијата на корицата

ЛИТЕРАТУРЕН КЛУБ



Членовите на литературниот клуб го одбележаа 21 март – Светскиот ден на поезијата со интерпретација на мудри мисли од познати автори и лични творби на ученици. Поетското читање беше реализирано на Teams и истото беше споделено од неколку електронски социјални мрежи. Во него учествуваа: Ангела Атанасовска, Мартина Стојаноска, Патрисија Темова, Елдина Мифтари, Магдалена Дандушевска и Михаела Нешковска.



Ментор: Николина Поповска, наставник по Македонски јазик и литература.

Во прилог неколку песни од учениците.

На Кирил и Методиј

Светители од искона во мене,
глаголувам, а умот ми стои в место,
зашто за нив што и да се каже
е малку и не знам како би можел
еден смртник да допре
до величината на тие светци.

Тоа се луѓе кои се вечен столб
на ова славно парче земја.
Тие ја покажаа триж вечната светлина
на овој народ
и за навек му ги отворија очите.

Аз, буки, веди...
буква по буква се реди.

Славните просветители!
Методиј на брата си помага,
а рацете Господ им ги поткрепува,
триаголник, круг и крст,
и земјата е сведок за молитва
усрдна и пот грст.

Ми го покажавте патот
и од мракот ме оттргнавте
таа азбука е ваша, дело ваше,
подвиг смел
на кој се оддадоа и вашите ученици
Свети.

А и тогаш и сега се веселат
Марија и Лав на синовите свои,
зашто срцето нивно викаше:
„Не бој се и смирено крои!“
Страдалнички ги завршивте животите свои.
Но, од смрт земна не се бои оној
што на Бога му пои.

И кога денес ќе ме запрашаат,
знам тоа што го направивте вие
никако не може да се згази и скрие.

Со почит клечам пред делата ваши,
зашто тоа нема никогаш да згаси.

Патрисија Темова III г. Гимназија

Драги чекори

Чекорам по патот на тишината,
а тој ме води кон дното на убавината.
Недогледни и чисти планини
со мирис на полен поминувам
да го најдам тој пат
што до моето село се приближува.
Пеперутки насекаде...
Сонцето штотуку заоѓа,
па ене го оној камен
кој приказни од селскиот живот
раскажува.
Осветелен од сонцето
ја грее мојата куќа
полна со вечна љубов
од дните на мојата
детска мудрост.

Ангела Атанасовска III г. Гимназија

Милостина драга

Седам ли седам
на земја студена
и минувачи набљудувам.

Срце да подаде некој
на огниште свое
да однесам спокој.

Има ли,
има ли
некој срце златно
да пушти,
на една душа страдална
да препушти?

Свет да поседувам-
не сакам, не пожелувам.
Со нозе болни и немоќни,
од немилосен живот
бегам ползејќи:
од живот очаен,
бегам назад
не гледајќи.

Пердуви бели гледам
пред насолзени очи мои,
нежно бакнуваат
земја расплакана.

Еј, гулабе слободен
со крилја нежни,
маслиново гранче
цврсто што носиш
за живот благороден
земјава не гладува,
ами за слога и спокој.

Еј, добар човеку,
човештина бара кротко
една душа понизна,
една душа
што животен пораз
тивко призна.

Со срце чисто,
а душа со учение,
тешко брано учение,
учение животно,
од тебе милостина
барам јас поразено.

Магдалена Дандушевска III г. Гимназија

ЕКОЛОГИЈА ВО ПАНДЕМИЈА



Екоодборот и еколошката секција при СОУ „Таки Даскало“ – Битола, организираа активност на тема: „Екологија во пандемија“ за одбележување на светските денови на планетата и заштита на животната средина, преку креативни ликовни и литературни продукти со учениците од I 13 и II 12 гимназиско образование (македонско-англиски билингвални паралелки). Ментори на активностите беа Славица Наумовска, Весна Христовска и Флорида Кулевска.

СИМБИОЗАТА НА КОРОНАВИРУСОТ И ПРИРОДАТА

Екологијата како една од поновите гранки на биологијата ,но не и помалку битна особено во последниве години кога се разбудува свеста за здрава, чиста и перспективна животна средина, ги разгледува проблемите и одговара на многу прашања на кои треба да им се најде одговор што поскоро за да може идните генерации да располагаат со ресурси кои ќе бидат важни за нивниот опстанок. Коренот на зборот екологија во себе содржи дом и наука. Што ќе рече дека е неопходно секојдневно да се грижиме таму каде што живееме почнувајќи од нашиот сопствен дом, нашите домашни растенија, дворовите, градските паркови, планините со национална важност, рециклирањето, користењето алтернативни горива се додека не дојдеме до затворање на кругот а тоа е воопшто грижа и свест за планетата Земја.

За жал, само на Меѓународниот ден на екологијата се зборува од многу светски експерти за состојбата во која се наоѓаме и само во други ретки прилики преземаме акции кои имаат краткотраен ефект. Сега кога светот се најде среде глобална пандемија можеби малку почна да размислува околу причините и брзината на ширењето на вирусот. А ништо не доаѓа случајно и преку ноќ. Човечкиот род брзо заборава на сите лоши постапки кои секако доведуваат до тешки последици. Особено од економска природа што го забавува развојот на големите држави, а малите пак се обидуваат со нивни локални решенија да го замаскираат недостатокот од ресурси. Со самото затворање на границите и ограничувањето авионскиот, па и автомобилскиот сообраќај се влијаеше во две насоки на предструктуирање на општеството. Намалено загадување, но и намалено производство и извоз што ги доведе некои земји до трговски колапс. Закрепнувањето од овие тешки рани ќе биде бавно и со непознат ефект. Многу други гранки како туризмот, исто така, трпат штети, но, од друга страна, пак, природата најде начин сама да се избалансира и да се поработи заздравување на преескплоатираните подрачја. Водата стана почиста, а некаде се возобнови и рибниот фонд. Индустриските и термоенергетските согорување бележат опаѓање и драстично смалување на концентрацијата на азотните оксиди во атмосферата. Со воведувањето на карантинот, во почетокот особено во Италија и Кина каде се вршени истражувањата емисијата на загадување е намалена. Во Кина потрошувачката на јаглен во електраните е намалена за 36%, а преработката на нафта е за третина намалена. Сателитските снимки на НАСА бележат намалување на емисиите на азот диоксид за 37%. Некои научници пресметале дека тоа значајно го поправило здравјето на голем број луѓе. Се проценува дека некаде околу 4000 деца и 70 000 луѓе постари од 70 години живеат подолго – напоменува професорот Александар Јововиќ од Машинскиот факултет во Белград. Производството на автомобили е преполовено и заедно со преполовените авионски летови значи губење на повеќе од 100 милијарди долари, но огромен процент на намалување на емисиите на јагленот. Свесноста за органското локално производство на храна стана поприоритетна вклучително и производството на органско ѓубриво. На ова се надоврзува и моментот на рециклирање на органски отпад кај малите домаќинства, а храната што претставуваше вишок кај ресторaните се стави во употреба за бездомниците или на повторна преработка. Можеби алармот се вклучи малку подоцна, но, сепак, на време зашто можеби е ова едно од последните предупредувања дека катастрофата ја создаваме самите и затоа треба да се плати. Оваа криза треба да се претвори во можност за создавање на солидарен и одржлив систем кој нема да се покаже премногу ранлив. Но, се плашам дека кога пандемијата ќе се стави под контрола ќе се вратиме на старото функционирање за да ,,надополниме“ пропуштени патувања, економски буџети, исфрлено ѓубре по патиштата, ископачени прашуми заради материјален бенифит на одредени локални моќници, заборавајќи притоа дека вакцините кои сега масовно се проширија не се лек и не можат комплетно да не заштитат од вирусот. Оваа ситуација или состојба, како и би ја нарекле факт е дека ги прикажа системските слабости на одредени држави и начинот на кој се справија со истата, излегоа на површина лажните хуманисти, лицемерните профитери. Стравот го натераа да владее место да се пропагира она што е најважно и суштинско, а тоа е наједноставно. Пристап до здрава и квалитетна храна и вода која ќе влијае на изградба на имунитет кој ќе умее и знае да се брани од атакот на надворешните причинители на многу болести. Но, за жал, човекот е секогаш повеќе подготвен да ги комплицира работите. Зошто да се зборува за нешто важно кога може за нешто “важно” диктирано од некои извитоперени умови на денешницата. Зошто да се зборува за чист воздух и прошетки, за хармонија ,за смиреност кога може за хаос и трка без цел. Полесно е да се сее магла отколку да се верува дека добрината и посветеноста можат да ги разместат точките на приоритет. Но, кратковидоста е болест на денешницава. Мачна придобивка на овој залуден и заталкан век. Секоја чест на вистинските професионалци и борци, кои знаат да гледаат подалеку од своите луксузни лаборатории и канцеларии. Тие се херои, тие се остварување на човечкиот сон за здрава и мирна планета.

Кога би ја воспоставиле рамнотежата помеѓу нашите потреби, можности и производство можеби малку би ја трансформирале свеста со што бенефитите во сите општествени пори би биле видливи и задоволувачки за цело човештво. Бидејќи засега немаме резервна планета ќе треба вистински да се потрудиме оваа на којашто живееме да ја сакаме и да ја чуваме како што таа знае да не чува и да ни возврати. И да не размислуваме само еднаш годишно и да не се задоволуваме со половични решенија зашто тие имаат краткотраен ефект. Таа симбиоза мора да се воспостави, тие здрави односи мора да се одржуваат за да не добиеме во скоро време уште еден жолт картон после кој излезот од лавиринтот ќе биде погубен, а профитот ќе заврши на контото на фармацевстките компании кои упорно работат на изместување на човечката хомеостаза.

Антим Атанасоски II 12

ВТОРИ АПРИЛ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦА СО АУТИЗАМ





Одбележување на „2 април – Меѓународен ден на лица со аутизам“ преку изработка на постер од ликовни продукти од психоедукативни работилници во кои беа вклучени учениците со посебни образовни потешкотии. Активноста ја организираше инклузивниот тим на училиштето кој обезбедува атмосфера за поддршка на учениците со различен спектар на попреченост. Ментори: Славица Наумовска и Марија Младеновска Димитровска, училишни психолози

ПРОМОЦИЈАТА НА ЗБИРКАТА РАСКАЗИ “TELL ME A STORY”



На 23.4.2021 г. се одржа промоцијата на збирката раскази “TELL ME A STORY”, дело на извонредните ученици од I 13 и II 12, билингвална гимназија при СОУ „Таки Даскало“ – Битола. На овој начин одбележавме три важни настани: Денот на англискиот јазик, Денот на книгата и роденденот на Вилијам Шекспир. Расказите се создадени во рамките на проектната активност Англиски јазик-креативно пишување, под менторство на Валентина Богојовска, професор по англиски јазик. Збирката е публикувана во печатена и електронска верзија. Компјутерската обработка ја направи Катерина Спасовска-Маурдева, наставник по графички стручни предмети. Електронската книга е изработена од Американското катче во Битола. Линкови до електронската верзија: https://issuu.com/.../book_of_essays_-_tell_me_a_story и https://americancornersnmk.org/bitola/article/175





Печатењето на збирката е реализирано од нашето училиште и примероци од книгата ќе бидат дел од книжниот фонд на сите училишни библиотеки во градот.

Ни беше огромна чест и задоволство, заедно со Американското катче во Битола, да имаме голем број на гости на платформата ZOOM, љубители на пишаниот збор и англискиот јазик. Дел од атмосферата Ви ја пренесуваме низ овие неколку фотографии.



Геологија наука која ја проучува планетата Земја нејзиниот настанок, историски развој, материјалите од која е изградена Земјината кора, структурите кои се појавуваат во нејзината градба, причините за појавување на вулканите, земјотресите како и промените во релјефот кои се предизвикани од надворешните влијанија.

Земјата како планета е настаната пред 4,5 милјарди години.

Првата земјина кора (најгорната обвивка од Земјата која се наоѓа во цврста агрегатна состојба) се мисли дека настанала пред 2,5 милјарди години.

Распространувањето на копното и морињата на површината на Земјата никогаш не било како што го гледаме денес, а исто може да се кажи и за растителниот и животинскиот свет. Распоредот на копното и морето како и развојот на животинскиот свет постојано се менувал низ историското минато на Земјата, а таквите промени се случуваат и денес.




Распоред на копното и морето некогаш и денес


Животот на Земјата за време на Јура пред 170 милијони години

Геолошката градба на Земјината кора

Земјината кора е најгорната обвивка од земјата и е дел од каменитата сфера чиј дебелина од 10 до 120 км. Различни видови на структури влегуваат во составот на земјината кора. Нерамнините кои ги гледаме во релјефот на Земјината површина настанати се како резултат на внатрешните геолошки сили (тектониката, вулканите, земјотресите и сл.) и влијанието на надворешните геолошки сили изразени преку геолошка работа на водата, ветерот, температурните промени кои вршат дооформување на релјефот.


Формирање на релјефот под дејство на внатрешните геолошки сили


Рељеф формиран под дејство на морската водата


Нашите ученици на теренско геолошко истражување


Седиментни карпи


Рудни минерали


Драгоцени минерали


Кварц - петроген минерал

Материјалите кои влегуваат во составот на земјината кора

Земјината кора е изградена од карпи. Според настанокот карпите се поделени на:
магматски, седиментни и метаморфни.
Основни единки кои влегуваат во составот на карпите се минералите.
Според значењето минералите се делат на петрогени минерали, рудни минерали, драгоцени и полудрагоцени минерали.



Рударство се занимава со ископ на минерална суровина од земјината кора


Местото во земјината кора каде се откопуваат минералните суровини се вика **Рудник**
Постојат рудници за јаглен, бакар, злато, украсен архитектонски камен, дијаманти, а денес се позначајни во светот се рудниците за ретки земји.

Во рудниците ископ на корисната минерална суровина може да се врши на површината на земјата. Во овие **рудници со површински начин на откопување** се користи механизација од типот на: роторни багери, багери ведричари, утоварни машини, булдожери и сл.



Наши ученици на ископ на руда

Корисна минерална суровина се откопува и во **подземни рудници**. Во овие рудници активностите се изведуваат во земјината внатрешност во специфични услови. Длабината на ископот од површината на земјата е различна и може кај некои рудници да достигне и до 3 км.


На пракса во рудник со подземен начин на откопување


Во училишна работилница за обработка на украсен камен


Истражувачки активности во училишен кабинет


Голем дел од активностите во геологијата и рударството се реализираат во кабинети, работилници и лаборатории.
Обработка на украсен, камен, изработка на геолошки карти, планови и проекти се дел од секојдневната работа на геолозите и рударите.

Во ноември 2020 г. сообраќајната струка во соработка со МВР и РСБСП ја одбележа Неделата на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди. По тој повод беше положено цвеќе на споменикот на паднатите борци кај Саат кулата, а пред училиштето беше поставен банер – донација од РСБСП (Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата). Овие активности се реализираа под менторство на професорката Гордана Кожуваровска која е и претседател на РСБСП.





ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИОТ СООБРАЌАЈ – СООБРАЌАЈ НА ИДНИНАТА



Сообраќајот е стара општествена дејност која се појавува уште во првобитните форми на човечкото општество, бидејќи од најстарите времиња постоела потреба за превоз на луѓе и стока.

Сообраќајот денес, без сомнение претставува главна карика во редот на најважните општествени дејности на сите нас, бидејќи без него не може да се замисли размена на материјални добра, превоз на лица, пренос на информации, циркулација на пари, хартии од вредност и др. Затоа, низа најважни човечки активности непосредно се врзани за транспортот. Благодарение на своите особености, тој има големо економско значење во животот на секое општество. Сообраќај е сè она што се движи. Сообраќајот е крвоток на секоја земја.

Сообраќајот е дејност која е тесно поврзана со сите стопански и услужни дејности, па затоа сообраќајната политика може да се дефинира како апликативна, интердисциплинарна и мултидисциплинарна наука. Сообраќајот доживува експанзија во развојот во последните децении во сите сообраќајни гранки: патен, железнички, воден, воздушен, поштенски, а посебно во телекомуникацискиот и мобилниот сообраќај.

Појавата на дигиталните телекомуникации, компјутерите, мобилните телефони и Интернет мрежата придонесоа за експлозивен развој на телекомуникацискиот сообраќај, кој навлезе во сите пори на општествениот живот. Телекомуникациските мрежи се класифицираат во различни категории во зависност од географската распространетост, намената и имплементацијата. Секоја специфицирана мрежа има усвоена архитектура и протоколна организација. За пренос на податоци се развиени различни мрежни архитектури. Бројот на корисници денес кои го користат овој вид на сообраќај покажува експоненцијален пораст, кој исто така се должи и на појавата на веб сообраќајот www (world wide web), кој овозможува лесно пребарување и добивање на различни типови на информации од корисниците.

Клучната цел на овој сообраќај е да обезбеди безбеден, економичен и одржлив транспортен систем задоволувајќи ги сегашните и идните потреби на комитентите.

Електронското комуницирање и пренесувањето на информацијата денес е најбрзиот и најсовремениот вид на сообраќај.



А, што е информацијата?

Информацијата е најмоќното оружје на денешницата по кое сите трагаме. Информацијата = податок создаден од човекот во адекватна смисловна форма да му биде корисен во неговото дејствување. Кога податокот се користи за преземање некоја акција или донесување одлука станува информација. Или, информација = податок обработен на соодветен начин, најчесто со помош на компјутер, пришто добива определена смисла и знаење за соодветниот корисник.

Ефикасните информациони текови се срцето на логистичкиот менаџмент во секоја сообраќајна гранка. Без соодветна и навремена информација не може да се остварат замислените цели. Располагањето со навремена, точна и издржана информација значи остварување на зацртаната цел, односно вистинската информација ако се искористи во вистинско време и на вистински начин тогаш може да биде најсилно оружје во рацете на тој што ќе ја поседува, а токму и тоа е главната поента во сообраќајот – ТОЧНО НАВРЕМЕ (JUST IN TIME). Денес информацијата во дел од секундата ги спојува луѓето од различни дестинации, од различни континенти.

Интернетот, социјалните мрежи и сличните платформи со оглед на тоа дека станаа основно средство за комуникација станаа составен дел од човечката интеракција. Нивната употреба е ефтина, леснодостапна и широкораспространета. Освен меѓу поединци, комуникацијата преку компјутерите и интернетот сè повеќе е присутна и во институциите, бизнис-секторот, а поготово во образованието денес со онлајн-наставата во услови на пандемија.

Наставата се реализира преку средства за електронска комуникација кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко присуство на учесниците во наставниот процес и истите овозможуваат заемна двонасочна комуникација. Анализите покажуваат дека во сообраќајната струка во нашето училиште образовниот процес го следат ученици за кои двонасочната комуникација претставува вистински предизвик, па се наметнува прашањето: Дали учењето од далечина има одредени придобивки за ученици кои имаат потешкотии во комуникацијата?


Одговорот е... секако дека постојат. Како и во секој друг процес, освен придобивки постојат и предизвици за совладување.

Адаптацијата кон онлајн-наставата не е лесна. Меѓутоа, со современите алатки како смарт телефоните, компјутерите, лаптоповите, учениците со рекордна брзина ја изградија навиката да се фокусираат на часот. Што се однесува до нас професорите, интересно е сега, кога ќе згрешиме со некоја опција на онлајн платформата, учениците се тие кои помагаат и објаснуваат, па се одвива една дополнителна димензија на размена на искуства поради која тие се чувствуваат особено горди.



Иднината на образованието е како хибридно возило. Мора да се напојува од неколку различни видови на енергија. Ова просто значи дека искуството што го стекнавме со онлајн-наставата е премногу вредно и дека ќе послужи како алтернатива или пак, примарен избор во ситуации кога далечината на учениците е преголема за непосреден контакт, но сепак, не смее да се сведе само на тоа. Ние наставниците сме еден посебен вид на актери чија критички настроена публика треба да го посети театарот за искуствено и живо да научи и примени нови концепти. Непосредната човечка комуникација ни ги овозможува најголемите животни лекции.

АКТИВНОСТИ НА ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКИОТ АКТИВ



СОУ „Таки Даскало“ – Битола во 2020/2021 презеде неколку клучни градежни зафати во кои беа вклучени професорите од градежно-геодетската струка. Од страна на професорите Петар Ѓоргиевски и Снежана Стојановска-Балјаревска изработени се проекти за реновирање на постоечкиот училишен покрив на двете училишни згради, за партерно уредување на паркот, уредување на спортски терени и реновирање на ограда со пристапни влезови.

Истите професори во соработка со приватна проектанска фирма учествуваат во изработка на основен проект за капитално реновирање на спортските сали и скалишниот простор во Б блок на училиштето.

АРХИТЕКТОНСКИ ТЕХНИЧАР

Архитектонската струка во нашето училиште е нова и перспективна струка. Учениците преку соработка со локалната заедница се директно вклучени во изработката на многу проекти од областа на архитектурата и градежништвото. Седум ученици од II и III година, беа вклучени во изработката на Сообраќајна студија за централното градско подрачје во Битола. Учениците покажаа извонреден интерес и ангажман на овој проект, како и на претходните водени од Секторот Урбанизам при Општина Битола (како што беше и проектот за изнаоѓање теренски решенија за велосипедска патека, бележење дизајнерски пешачки премини на Широк сокак – во знак на Европската недела на мобилност, како платформа на која градовите ги промовираат мерките за одржлива урбана мобилност и др.).

Учениците се силно мотивирани и поттикнати од нивните наставници да се вклучат во вакви проекти и во иднина и сите подеднакво добиваат можност за тоа.

Бенефитот е огромен од вклученоста во тековни проекти, бидејќи имаат можност на брз и ефективен начин да стекнат практични знаења и вештини за проблеми со кои неминовно ќе се среќаваат во иднина, во текот на работата, а тие со леснотија ќе им приоѓаат. Учениците слободно ги изнесуваат своите ставови и мислења, самостојно истражуваат, се надоградуваат и ја збогатуваат својата техничка култура, водени од своите ментори – наставниците кои имаат демократски однос кон учениците.

Во оваа пандемиска година и on-line настава, овие ученици одлично се снајдоа и се вклучија во многу истражувања. Учениците од II година – архитектонски техничари, под менторство на нивната професорка по практична настава Оливера Георгиевска, направија истражување на тема „Ученички домови“. Тие како млади луѓе засегнати од проблематиката – сместување и услови за колективно домување на ученици, со квалитетен простор за учење, рекреација и забава, споредуваа ученички домови кај нас и во современите метрополи и правеа анализи. Се ставија во улога на идни архитекти и се произнесоа што ќе променат во ученичките домови кај нас, за да ги приближат условите до светските трендови.

Зашто, како што велат: „Младите луѓе кај нас и во светот, имаат исти потреби!“ Ние се сложуваме со нив и ни останува само да ги припремиме за патот кој самостојно ќе го изодат и да ги поддржиме во нивната амбиција да ја разубават реалноста!

ПРАКТИЧНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАДЕЖНИТЕ ТЕХНИЧАРИ

Градежништвото е една од најстарите и најценетите гранки во историјата на човештвото за што сведочат импозантните градби од пред новата ера. Со развитокот на техниката и технологијата денес забрзано се градат современи објекти, па затоа на пазарот на трудот се наметна потребата за стручен кадар, градежни техничари и инженери кои се директни учесници во процесот на проектирање и изградба на објектите, објекти кои останууваат во наследство на идните генерации и ќе сведочат за успесите на денешните генерации. Од овие причини во СОУ „Таки Даскало“ од пред неколку години, во рамките на градежно геодетската струка, е застапен образовниот профил градежен техничар.

Под менторство на професорите Жанета Сиваков и Петар Ѓоргиевски изработени се статичка пресметка и димензионирање на армирано бетонските елементи на објектот семејна куќа П+1 со помош на софтверската програма TOWER Radimpex и исцртани арматурни планови во AutoCAD, изработен е проект за пат со должина 2 км и тоа проектирање, исцртување, изработување на надолжен профил, карактеристични напречни профили, предмер и пресметка.

Практичната настава се изведува на градилишта, каде што учениците се делумни учесници во процесот на градба и изработка на техничка документација. Овде би ги спомнале објектите кои се во фаза на изградба Градски стадион под Тумбе кафе во изведба на изведувач а.д „Гранит“ и станбено деловен комплекс „АРИА” изведувач „Лапор инжинеринг – Областа“, каде што бевме вклучени од првата фаза – земјени работи па сè до денес кога објектите влегуваат во завршната фаза, изработка на градежна книга и градежен дневник.

Бидејќи градежните техничари се директно имплементирани во производството и испитување на квалитетот на бетонот, дел од праксата ја изведуваме во фабрика за бетон „Лапор“ и фабрика за бетон „Стентон“, каде што учениците присуствуваа на производството на бетонот за станбено деловен комплекс „АРИА” и испитување на истиот во лабораторија а.д. „Geing“. Ваквите разновидни практични активности се многу значајни за учениците, затоа што тие стекнуваат квалитетни практични знаења и се оспособуваат самостојно да работат во градежни фирми, проектански бироа, градилишта и сл., а секогаш се изведуваат на големо задоволство на учениците.










Текстилната насока во средното стручно образование, со своите реформирани наставни програми, на учениците им нуди знаење кое ќе ги подготви за реалниот моден свет. Преку истражувања, креативни техники и практична настава, учениците ќе изградат сопствен стил. Програмата ги оспособува учениците за дизајнирање на нова мода, која има функционално и естетско влијание.









Учениците земаат учество во многу проекти, работилници и натпревари, во сорботка со локалната заеница: Завод музеј на Град Битола – работилници за везење со цел да се зачува и продолжи културното наследство од македонскиот народен вез, со продуценската куќа „Божиловиќ“ – изработка на новогодишни костими за претставата„Дедо Мраз во трговскиот центар“, Организација на лица со ретки болести„Живот со предизвици“ – печатење на маички, шиење и цртање на заштитни маски и изработка на едукативно видео, Црвен крст од Струмица, модно студио „¾“ од Битола и МРТВ Скопје – изработка на новогодишни украси со везени мотиви, Организација на жени Битола – техника на везење гоблени. Во сите проекти и работилници, учествуваат учениците од I до IV година, техничар за дизајн на облека и техничар за изработка на облека.





активности за време на час

Компетенции и вештини со кои се стекнуваат учениците за време на четиригодишното образование, квалификација – техничар за дизајн на облека се:

- Цртање, сликање и обликување на облека
- Изработка на скици и дизајнирање на модни колекции
- Конструкција и моделирање на сопствени дизајни
- Кроење и шиење
- Организирање на модни перформанси
- Совладување на техниките на везење, плетење и ткаење
- Изработка на модни додатоци од текстилни материјали (накит, ташни, колани...)


























Во изработка на прилозите учествуваа:
Т. Велковски III г, Л. Василовска I г, С. Демирова II г, В. Атанасовска IV г.



Наш придонес кон намалување на гужвите по битолските улици и еколошко однесување! Се надеваме дека доаѓањето на школо со точак ќе стани тренд во нашето школо.
И да знаете... не сме малце сиромашни, имаме дома уште по еден точак!

ОБУКА ЗА ДИЗАЈН, АПЛИКАЦИИ ЗА ЦРТАЊЕ И ИНТЕРНЕТ БЕЗБЕДНОСТ



Учениците од втора, трета и четврта година графичка струка, графички техничари, и оваа учебна година посетуваа обуки за користење на компјутерски програми за векторска и растерска графика во „Мегасофт“ – Битола. Овој проект започна во декември 2019 г. и траеше до март 2021 г. Проектот се реализираше како спроведување на грант програмата „Зајакнување на соработката меѓу училиштата и бизнис заедницата“ во соработка со Министерството за образование и наука и „Мегасофт“ – Битола, а беше финансиран од Светска банка, За успешното реализирање на овие активности, на сите ученици им се доделија сертификати.

ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ СО „АМОС“



Милорад Петровиќ III 4

Графичката струка во соработка со Центарот за човекови права „АМОС“ – Битола, во два наврати реализираше едукативни работилници на тема „Насилство во училиштето“ и „Говор на омраза“, кои им ги збогатија знаењата за искуства од нивното секојдневно опкружување. Работилниците ги раководеа Билјана Темелкова-Бејковска и Даниела Јовановска од „АМОС“, а учествуваа ученици од прва до четврта година графичка струка, од сите профили.

На 13 февруари 2021 г. учениците учествуваа во работилницата на тема „Насилство во училиштето“. Одговорни наставници беа: Катерина Спасовска-Маурдева и Весна Мундишевска-Велјановска.

На 20 март 2021 г. беше реализирана работилницата на тема „Говор на омраза“, а одговорни наставници беа: Катерина Спасовска-Маурдева, Весна Мундишевска-Велјановска, Валентина Ристеска и Снежана Паскова.



Стефан Нечевски III 4

Учениците искажаа свои ставови и разновидни размислувања кои беа срдечно прифатени и наградувани со совети. Успешното реализирање на овие работилници придонесе за многу корисни информации за учениците.

За учеството во работилниците АМОС им додели сертификати на сите учесници, а беше потпишан и меморандум за соработка со СОУ „Таки Даскало“.

НОВ БРОЈ НА ГЛАСИЛОТО НА ГРАФИЧКАТА СТРУКА „ГРАФОПРЕС“



Нешто со што навистина се гордееме во ова време-невреме е новиот број на списанието „Графопрес“ кој излегува по долга пауза од 20 години, но сега достапен и на малку поинаков начин. Со овој осми број веќе станува посериозно гласило на нашата струка, а неговата е–верзија овозможува поголема достапност, особено помеѓу помладата популација каде предност имаат електронските медиуми. Содржините во дадените рубрики ќе ги задоволат и најљубопитните кои се расположени да научат нешто ново, но и да се забавуваат, на наш, графички начин.

СВЕТСКИ ДЕН НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

На 5 март 2021 г. ученици од паралелката III 4, графички техничари, заедно со предметниот наставник Весна Мундишевска-Велјановска, учествуваа на онлајн настан за одбележување на Светскиот ден на енергетска ефикасност организиран од екоодборот при СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито", каде беа презентирани корисни сознанија за енергетската ефикасност и користењето на батериите во секојдневниот живот. Учениците од графичката струка беа вклучени и во дискусијата и достојно го претставија нашето училиште. Графичката струка многу често реализира и се вклучува во еко-активности на часовите (каде се зборува за рециклирање, еко-амбалажа, еколошки бои и сл.), но и во соработка со локалната средина.

ГРАФИЧАРИ-ВОЛОНТЕРИ





- Во периодот февруари-март 2021 год. графичката струка организираше волонтерска акција со наслов „ЦВЕЌЕ ЗА СРЕЌА" во соработка со училишниот волонтерски клуб во која учествуваа 50-тина ученици од паралелките I 4, II 4, III 4, III 5 и IV 4, под менторство на Катерина Спасовска-Маурдева и Мирјана Гичевска (одг. наставници за волонтерскиот клуб), како и Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана Паскова и Валентина Ристеска (наставници по графички стручни предмети). Учениците изработија прекрасни креации на цветови, кои беа фотографирани и објавени на фејсбук страната на графичката струка во видео запис, а потоа им ги подарија на своите блиски.
- Волонтери од графичката струка на ден 31.3.2021 г. се приклучија во хуманитарниот настан „ДЕВОЈЧЕТО СО ЦРТЕЖИТЕ" кој се одржа во „Везилка – културен центар" со цел да се донира прибор за цртање на девојчето заради поттик на нејзината креативност и желба за успех. Донацијата ја подготвија самите со претходно собрани средства од учениците и професорите графичари.

ГРАФИЧКАТА СТРУКА И „БИТОЛСКИОТ КНИЖЕВЕН КРУГ" ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА КНИГАТА




Во текот на месеците март и април 2021 г. графичарите од прва до четврта година изработуваа обележувачи за книги по сопствен дизајн за кои користеа познати, но и сопствени мисли за книгата, а беа изработени и обележувачи според корици на книги од писателите од Битолскиот книжевен круг.


Активностите беа под менторство на: Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина Спасовска-Маурдева, Снежана Паскова, Мери Цицковска и Валентина Ристеска, а ние учениците се чувствувавме прекрасно затоа што работевме тимски со професорите на изработка на нешто што ќе е од голема корист.

Беа изработени стотици обележувачи кои се испечатија во боја, а потоа се доработија на практичната настава. Обележувачите беа донирани заедно со огромен број книги кои ни ги подарија писателите од Битолскиот книжевен круг, како и со изданија на СОУ „Таки Даскало". Донациите беа доставени до училишните библиотеки на сите основни училишта од Битола и на Педагошкиот факултет Битола, а за активноста информираа и многу медиуми.

Прилозите ги подготвија:
Ана Митровска, Сабина Мемедовска и Мартина Стојаноска III 4

- Ученици од билингвалната паралелка I 13, под менторство на проф. Наташа Котевска, на 3.11.2020 год., заедно со други 90 ученици од 16 различни училишта од целата земја присуствуваа на Денот на изборите во САД организиран од американските катчиња во Северна Македонија и поддржан од Амбасадата на САД. Амбасадорот Бирнс го отвори настанот и ја истакна важноста на изборите и улогата на младите во овој процес. На настанот настапи д-р Стивен Билет, вонреден професор на Факултетот за политички менаџмент на Универзитетот Џорџ Вашингтон како клучен говорник кој дискутираше за различните процедури на гласање и аспектите на изборниот систем на САД.







- Ученици од билингвалната паралелка I 13, под менторство на проф. Наташа Котевска ја завршија годината со радосна нота. На 24.12.2020 год., вечерта спроти католичкиот Божиќ, тие учествуваа на виртуелен настан на зум, посветен на најубавите божиќни приказни што доаѓаат од Франција, САД, Северна Македонија и Грција. Настанот беше организиран од страна на Американското катче во Битола, Француската алијанса од Битола и здружението„Пелагонија“.

ДВАНАЕСЕТ МЕСЕЦИ ЕКОЛОГИЈА

Во неколку наврати, во разговор со учениците, го поставувам прашањето во кој месец има најмногу денови на кои се одбележуваат еколошки теми и настани. Март? Април? Мај? Ноември? Доаѓаме до заклучок дека има дванаесет месеци во кои секојдневно има случувања од областа на екологијата. Дванаесет месеци посветени на грижата за нашиот единствен дом - Земјата.

Имајќи го ова на ум, учениците од билингвалните паралелки I 13 и II 12 во рамките на гимназиското образование при СОУ „Таки Даскало“ – Битола, организираа серија работилници на кои се обработуваа еколошки теми. Истите беа реализирани на платформата MS Teams. Поради билингвалниот, македонско-англиски карактер на овие гимназиски паралелки, работилниците беа изведени на англиски јазик. Во оваа прилика би издвоила три работилници реализирани во текот на месец март: Deforestation (Уништување на шумите), Access to clean water (Пристап до чиста вода) и Endangered animals (Загрозени животни). Реализатори на работилниците беа Емилија Крстевска, Ангела Атанасовска и Ксенија Мано, сите ученички во II 12 паралелка.


Во текот на работилниците беше дискутирано за тоа што подразбира и кои се причините за уништувањето на шумите, какво влијание има оваа појава врз животните, луѓето и климата, зошто расте побарувачката на дрвото во домаќинствата и индустријата, кои проблеми се предизвикани од недостатокот на чиста вода и зошто исчезнуваат многу видови на животни на земјата. Беа презентирани важни статистички податоци што само го докажуваат фактот дека мораме заеднички да преземеме многу активности за да ја ублажиме моменталната состојба. Преку работа во групи (Breakout rooms-MS Teams) и бура на идеи учениците дојдоа до многу креативни и ефикасни решенија за овие горливи проблеми: како да се мотивираме да засадуваме повеќе дрва, кои се алтернативите на дрвото како материјал, како да ја прибереме и прочистиме секоја драгоцена капка вода и што да сториме за да се сопре исчезнувањето на видовите.

Дел од атмосферата на работилниците ви ја пренесуваме преку неколку фотографии.


Валентина Богојовска
Професор по англиски јазик и книжевност
















УГОСТИТЕЛСТВО



Угостителството претставува стопанска дејност која врши разни услуги на луѓето за задоволување на нивните потреби за сместување, исхрана, пијалоци, напитоци, забава и разонода.

Заради вршењето на услужни дејствија, угостителството е во групата на стопански дејности кои припаѓаат на терцијарниот сектор.

Угостителството во своето работење, покрај услужната дејност има и производна дејност, а тоа е секоја подготовка на храна, пијалоци и напитоци.

ТУРИЗАМ



Туризмот е услужна стопанска дејност, и е во групата терцијарни стопански дејности. Туризмот како услужна стопанска дејност вклучува патувања за одмор, рекреација или бизнис цели.

Според Светската туристичка организација, (WTO) пак под поимот турист се дефинирани луѓето кои патуваат надвор од своето место на постојано живеење во друго место, и остануваат најмалку 24 часа, користат услуги за сместување и немаат за цел постојано да се населат во тоа место или да се вработат и остварат економски придобивки од престојот.

УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19



Една од најпогодените стопански гранки уште од почетокот на светската пандемија е сигурно, угостителско-туристичкиот сектор. Со затворањето на угостителско-туристичките објекти започнаа проблемите на вработените во овој сектор. Финансиската помош од државите за одржување во живот на овој сектор, за жал, не се доволни за спас на огромен број компании од затворање и губење на работните места на илјадници угостителско-туристички работници. За враќање на старите добри времиња, за кои искрено сите посакуваме да биде што поскоро,најмногу зависи од сите нас и целосното почитување на пропишаните здравствени протоколи за работа на угостителството и туризмот во време на пандемија.

ЗАНИМЛИВОСТИ ОД СТРУКАТА





Предлог Мени за овој број

Салата „Македонска салата“ – подготвил: Филип Неделковски II 6
Главно јадење „Ќофте на битолски начин“ – подготвила: Ангела Петковска I 9
Десерт „Нутела торта“ – подготвил: Бајхан Мемедовски II6
Освежување за крај: „Ладно нес-кафе“ – подготвила: Наталија Јанкуловска I 9








ТУРИЗМОТ, УГОСТИТЕЛСТВОТО И ЕКОЛОГИЈАТА НАШЕ СЕКОЈДНЕВИЕ!

Природа, мал збор, но збор кој во себе крие огромно богатство. Губењето на нашата природа, нашата иднина не е исто како губење на избори, губењето на неколку банкноти или монети. Тука сум да зборувам во име на сите генерации кои доаѓаат. Тука сум да зборувам за безброј животни кои секојдневно изумираат во природата, на цела планета. За нив не сме се потрудиле да обезбедиме и најмала надеж и шанса за спас од истребување. Тука сум да зборувам за вистината и сè што и правиме на природата секојдневно.



За неколку години, децении ќе се плашиме да излеземе надвор, на сонце, сè поради стравот да не изгориме затоа што сме ја уништиле озонската обвивка. Ќе се плашиме да дишеме воздух од бројните штетни честички кои ќе навлегуваат во нашиот организам, од високите оџаци на индустриските објекти.



Водата во реките и езерата веќе и денес не е чиста и здрава за пиење, иако изворите се сместени во срцето на планината, како што е со нашиот Пелистер, каде нашите жители и угостителски работници во трката за профит го заборавија најважното-своето и здравјето на своите гости во угостителските објекти. Со ваквиот пристап во блиска иднина ќе немаат ни гости а ни профит.

Чувајќи ја природата сите заедно, секој ден секој момент си помагаме самите себе. Само едно цвеќе да засади секој од нас е повеќе од многу, природата тоа ќе знае да ни го врати со почист воздух и пријатен утирнски мирис.



Сите, ама баш сите без исклучок сме должни да ја чуваме и да се грижиме за нашата животна средина. Никогаш не треба да чекаме некој друг за нас да ја заврши нашата обврска, друг нема тоа сме ние. Секое добро што ќе го направиме за природата е добро за денес, утре и за сите идни далечни утра.

Угостителството и туризмот нема да постојат ако немаме здрава и чиста животна средина. Секој гостин го користи својот одмор уживајќи во чиста и здрава природна средина. Никој не сака да летува или зимува во загадена средина, каде ќе гледа мртви риби во водата или мртви птици во местото каде отишол да го користи својот годишен одмор.



Сите, ама баш сите вработени во угостителството и туризмот имаат огромна вина за загадувањето во природата. Кога ќе го променат начинот на размислување и ќе гледаат во животната средина со должна почит, ќе можат да работат и повеќе од тоа колку сега работат и заработуваат. Бројот на гости ќе им се зголеми, секој гостин кога ќе види како е одржувана и негувана околината на објектот каде престојува и самиот ќе внимава и нема да загадува и уништува. Сè зависи само од нас!


Ѓорѓиоска Христина II 6

Дали сте знаеле дека:

1. Најстар национален парк во Македонија е националниот парк „Пелистер“.
2. Во изградбата на Саат кулата во Битола биле искористени 60000 јајца.
3. Уште во 1903 година во Битола имало хотел кој се викал „Македонија“.

Бонтон правила:

Како се остава приборот по јадењето?



Подготвил:
Музафер Ибраимов II 6

ЛИЧНИ УСЛУГИ – ТЕХНИЧАР ЗА КОЗМЕТИЧКА НЕГА И УБАВИНА

Желбата за нега и разубавување е стара колку и човештвото, па затоа козметиката има своја долга историја.

Зборот козметика е од грчко потекло и потекнува од зборот cosmoc што значи украс. Првите траги на козметиката ги пронаоѓаме уште во праисторијата. Првите запишани податоци за постоење на препарати се пронајдени кај старите Египјани. Стручните козметичарки во тоа време биле робинки кои биле наречени „козмети". Тие ги негувале богатите жени.



Во текот на историскиот развој козметиката претрпела многу промени. Во XIX век козметологијата се развива како научна дисциплина која го проучува составот, дејството и примената на козметичките препарати или како што обично велиме козметологијата е дете на фармацијата, медицината, биологијата, хемијата и физиката.


Козметологијата истражува, пронаоѓа и применува материјали кои се користат во козметиката, а со кои можат да се отстранат, ублажат или само да се прикријат некои естетски или функционални недостатоци.

Во СОУ „Таки Даскало" – Битола во рамките на стручното образование се изучува смерот Лични услуги - Техничар за козметичка нега и убавина. Желбата, својата идна професија да ја извршуваат во областа на естетиката, разубавувањето и негата, била мотив во нашето училиште да се запишат нашите ученички, идни техничарки за нега и убавина.

Ученичката Христина Терзиевска од II 8 ги пренесува своите искуства:


Во овој сектор се изучуваат повеќе области од козметичката нега и убавина. Како ученик во овој прилог би кажала дека нашето училиште нуди одлични услови за одвивање како на теоретската, така и на практичната настава која се одвива во козметичките салони. Во






овој занает изучувавме: третмани во нега на раце и нозе, третмани на лице и деколте, нега на тело, шминкање. Во обучувањето ни помагаат најстручни и професионални лица, со истовремено проучување на естетиката. Убаво негувани раце, убави, здрави и мазни нокти, се многу посакувани од страна на секој клиент.

Третманите за нега на раце, вештината на создавање совршен маникир, почнувајќи од нанесување на најобичен лак за нокти, па сè до креирање на совршени и мазни нокти, ја совладуваме под будното око и прецизни инструкции од страна на стручните лица вработени во козметичкиот салон.



Педикирот како основна појдовна точка за зачувување на здравјето на нозете и ноктите на нозете го изучувавме и вежбаме со најдобри стручни лица кои ни го објаснуваат чекор по чекор овој специфичен третман – вели Христина.



Материјалот кој се изучува во оваа струка ги следи светските трендови кои сè повеќе се насочуваат кон користење на препарати од органско потекло и на тој начин се избегнуваат несакани алергиски реакции.


За таа цел се изучуваат и потенцираат добрите страни на природните материјали кои се достапни во домашни услови или на локалниот пазар. Овие материјали се користат како суровини за да се изработат козметички производи во домашни услови.

Во продолжение Ана Петровска, ученичка од II 8 ни претставува еден домашен рецепт за изработка на лабело за нега на уста.

Потребни состојки:
- Пчелин восок
- Масло/путер (сончогледово, маслиново, бамбусово; а може да се употреби вазелин, кокосов путер и многу други масла или путери)



По желба се става:
- Прехранбена боја (за да добие боја лабелото)
- Екстракти (за мирис)





Потребни алатки за да се направи лабелото се:
- Два сада
- Кутивче (за да се стави лабелото)

Подготовка на лабелото:

Во едниот сад се става вода да врие, над тој сад се става друг, потоа во горниот сад се става: пчелиниот восок, маслото/путерот (се става повеќе масло/ путер доколку сакаме конзистенцијата да биде помасна, а ако сакаме да биде конзистенцијата поцврста се става повеќе од пчелиниот восок или се става помалку од маслото/путерот), прехранбената боја и екстрактот. Се меша сè додека не се стопат и не се соединат препаратите. Се става во кутивчето и се остава да се зацврсти.

Јована Ангеловска, ученичка од II 8 го објаснува третманот на чистење на лице.

Основниот третман на лице започнува со чистење на лицето со козметичко млеко кое се нанесува со нежни масажни движења. Откако козметичкото млеко ќе се впие, на кожата се нанесува тоник кој после нежна масажа на лицето се отстранува со натопено памуче во млака вода, односно од лицето се отстрануваат сите претходно нанесени препарати. За полесно да можеме да го извршиме третманот ние го париме лицето под пареа со специјален апарат за парење, а за тоа време очите на клиентот се заштитени со газички или со памучни кругови. Парењето трае петнаесетина минути. Кога ќе го започнеме делот каде што треба да го исчистиме лицето од акните и црнките, ние ставаме гази на прстите и со притискање на кожата го чистиме лицето. При овој процес на обработка на кожата, таа се иритира и станува црвена. Следен чекор е апликација на козметичка маска на лицето со цел да се смири иритираната кожа. После отстранувањето на козметичката маска ставаме хидратантна крема која што треба да го хидрира и негува лицето. Тука го завршуваме третманот за чистење на лицето – објаснува Јована.

Уредник: Славица Јовевска

Литературен клуб

И оваа година ученици членови на Литературниот клуб при СОУ „Таки Даскало“ – Битола, учествуваа во проектот „Млади поетски/ литературни перформанси“, организиран од НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола. Во проектот учествуваа: Патрисија Темова, Магдалена Дандушевска, Елдина Мифтари, Александра Петровска и Ангела Атанасовска, ученички во трета година гимназиска насока. Ментор: Николина Поповска, наставник по Македонски јазик и литература.




ВОЛОНТЕРСКИ КЛУБ

Волонтерскиот клуб „Тереза Фердинанд-Литовска“ во нашето училиште е со традиција долга веќе 15 години. Во клубот членуваат ученици од сите образовни профили во училиштето. Одговорни наставници за клубот се Мирјана Гичевска и Катерина Спасовска-Маурдева. Учениците со одговорните наставници континуирано планираат, организираат и учествуваат во волонтерски акции од различен тип. Некои од нив веќе станаа и традиција.

Годинава, во поинакви и доста отежнати услови, работата продолжува. Иако организацијата на повеќето настани течеше онлајн, активностите не изостанаа:

- се организираа работилници за што полесно прилагодување на новонастаната ситуација,
- се прослави почетокот на пролетта со традиционалната активност „Мартинка за среќа“,
- се одбележа Денот на жената со работилница „Цвеќе за среќа“ (во соработка со графичката струка),
- се спроведоа работилници за одбележување на верските празници Велигден и Бајрам,
- континуирано се собираат донации (облека и храна) за социјално загрозените семејства со кои сме во контакт,
- активно учествуваме во хуманитарни активности организирани од разни институции во нашиот град.

Михаела Николовска III 4



Петар Ѓоргиевски, професор по градежни стручни предмети:
Се занимава со планинарење, екстремно скијање, екстремен велосипедизам, маратонско трчање, вклучен во сите колегијални спортски активности, фудбал, кошарка, пинг-понг.
Вклучен во експедиција за освојување на Монт Блан 2021 год.



М-р Марија Младеновска Димитровска, психолог, магистер на клиничка и советодавна психологија, едукант на гешталт психотерапија: Се занимава со психолошко советување, новинарство, техничко уредување и лектура на весник, работа во радио, монтажа и снимање на радиопроекти, пишување поезија, проза, научно-истражувачки трудови, сликање, водителство. Таа е и колумнист во „Нова Македонија“.






Славица Наумовска, дипломиран психолог и психотерапевт:
Покрај својата професионална психолошка дејност, се реализира и во областа на уметноста како ликовен аматер и сликар, со бројни учества на ликовни аматерски изложби (општински, државни и меѓународни).



Драган Николовски, професор по текстилни стручни предмети:
Другарувањето со колегите на фудбал, кошарка и планинарење создава прекрасни спомени. Редоследот е следен: планина, точак, кошарка, фудбал...



М-р Наташа Ралевска-Вучкова, психолог, магистер на човечки ресурси, гешталт психотерапевт: Се занимава со психолошко советување и гешталт психотерапија, со моделирање, кроење и шиење, со пилатес.



Анита Стефановска, професор по текстилни стручни предмети:
Се занимава со плетење, везење, изработка на модни додатоци (чанти, накит, брошеви).



Живка Танушева Ицаноска, професор по текстилни стручни предмети: Везењето е техника која го исполнува моето слободно време. Работата со игла и конец отсекогаш биле моја љубов. Преку везењето, секој предмет што ме опкружува добива уникатност со спојување на традиционалното и модерното.



Матеа Христова, I год. сообраќајна струка:
Покрај училиштето мојот интерес е насочен кон Академијата ЗАН-НЕД-ДО. Членувам од 8-годишна возраст и активно ги владеам боречките вештини како што се: самоодбрана, кик бокс, работа со традиционално оружје. Имам освоено златен медал во Грција; сертификат за преживување на планина, диплома за помошник тренер.





Марија Јовановска, I год. сообраќајна струка: Членува во кошаркарскиот клуб „Младост“ – Битола. Има освоено златен медал на Велигденскиот турнир минатата година.

Симар Исмаиловски, I год. сообраќајна струка: Активно тренирам бокс во БК „Пелистер“ – Битола веќе 5 години. За својата посветеност на боксот ги имам освоено следните награди: Признание 12 Септември – ден на Општина Могила за особено достигнување во спортот, Спортист на Битола за 2018 година во категоријата младинци, Диплома за надежен спортист на Битола за 2018 година.







Еко-хепенинг "Trash fashion" модна ревија есен-зима во ОУ "Кирил и Методиј" (фотогалерија)

Марија Сервини, I год. гимназиско образование, билингвална паралелка: Секое креативно хоби е добредојдено во нејзиниот дневен распоред. Новинарството ѝ е пасија, а цртањето, читањето книги и пишувањето поезија главна окупација. Најголем интерес пројавува кон модата, дизајнирањето и манекенството преку кои најлесно се изразува. Дел е од модното студио „Горко“ и некои фотосесии и настани ѝ претставуваат задоволство.

Моника Балева, I год. графичка струка, обожава цртање, а се занимава и со моден дизајн: Моето слободно време го користам за да цртам, цртањето ме опушта. Модниот дизајн ме интересираше уште од мали нозе. Тоа е мојот сон. На 13 години завршив курс и од тогаш поголемиот дел од мојата облека ја дизајнирам и си ја шијам самата.








Марија Тиловска, I год. гимназиско образование: Моето хоби е цртањето. Во слободното време цртам интересни ликови и позадини и во иднината би сакала да имам и свој стрип со возбудлива приказна и незаборавни ликови.

Натали Талевска, I год. гимназиско образование: Тренирам фудбал во ЖФК „Топ Гол“ на позицијата голман. Кога одам на тренинг и кога застанувам пред голот се чувствувам своја, исполнета и расположена. Се надевам дека ќе дојде ден кога гордо и со самодоверба ќе бранам за некој клуб во странство или за нашата репрезентација.





Дамјан Митревски и Христијан Мојсовски, I год. гимназиско образование, билингвална паралелка: Тие не само што се соученици туку и клупски другари во РК Феникс Битола. Така се расте заедно и се остваруваат соништата со заедничка поддршка.



Петар Велјановски, I год. графичка струка: Прави своја музика и видео-клипови: Да правиш музика е чувство кое те опушта, те носи низ многу светови, шарени, еднобојни и слично. Повеќето луѓе мислат дека е многу тешко да се создаде една песна, но со љубов таа тежина не се ни забележува.



Стефанија Бошковска, I год. гимназиско образование: Мојот интерес за народниот фолклор е уште од 6 години. Затоа членувам во КУД „Илинден“. Таму запознав многу пријатели, а и научив многу народни песни и ора. Исто така од неодамна сум член и на Извиднички одред „Молика“. Тоа произлезе од фактот што го сакам кампување во природа, а тука ќе стекнам вештини како да се снајдам во природа без технологија и слични работи.



Изабела Илиевска, I год. графичка струка: Играм фудбал за ЖФК „Атлетико“ – Битола. Фудбалот е многу интересен спорт со кој се занимавам три години и кој ме прави да се чувствувам многу среќна. Со тимот играме во две фудбалски лиги. Имам добиено две дипломи. Минатата година освоивме прво место во кадетска лига.

Дејан Богоевски, I год. гимназиско образование, билингвална паралелка: Јас учам грчки јазик веќе две години во Македонско-грчко здружение „Пелагонија”. Учењето на грчкиот јазик е многу интересно хоби, бидејќи јазикот е богатство и отсекогаш сум имал желба да изучувам што е можно повеќе странски јазик. Во рамките на ова здружение се организираат и редовни настани каде ние се запознаваме со грчката култура или пак се презентираат некои интересни содржини. Изучувајќи го овој јазик ќе имам можност во оригинал да ги читам делата на големите грчки поети, филозофи, мислители.

Антим Атанасоски, II год. билингвална паралелка: Имам многу хобија, но најомилено и тоа кое најмногу ме исполнува е пишувањето бидејќи тоа за мене претставува медиум преку кои би ги пренел моите мисли, чувства и приказни и тоа најмногу може да се виде во учеството на многу конкурси и освоените награди од таа област: Прво место за најдобар есеј организирано од САБА приватното училиште, награда за најдобра млада искра од Поетскиот фестивал „Литературни искри” – Гостивар, прво место за најдобар оратор организирано од ОУ „Елпида Караманди“ објавени песни во Збирката со песни „Млади поетски перформанси“ организирано од градската библиотека „Св. Климент Охридски“ и мноштво благодарници.

Ангела Атанасовска, II год. билингвална: Ликовната уметност е нешто што ме исполнува, ме поттикнува и ми дава можност да се внесам во имагинацијата и да заборавам на сè што се случува околу мене. Ја извлекува длабоко скриената емоција и ме предизвикува да ризикувам. Го буди и детето во мене, а и возрасната личност која некогаш ќе станам. Тоа е и мојата инспирација да создадам нешто. Ме инспирира секојдневниот човек, како тој размислува, со што се занимава, што чувствува, различностите кои ги поседуваат луѓето, правејќи ги посебни и единствени на овој свет... Сите сме уникатни на свој начин, а во тоа се крие возбудливоста, зар не е така?

Иван Стефановски, II год. графичка струка секојдневието го обојува со музика, свирејќи клавир; Андреј Велјановски игра ракомет во „Пелистер 2“ – Битола; а за Теодора Митровска (I год.) планинарењето е повеќе од спорт во кој се ужива со сите сетила.



Илија Наумовски, III год. графичка струка: Своите афинитети ги покажува на полето на уметноста создавајќи дела со трајна вредност. Вештината на резбање е нешто на што е комплетно посветен и што го прави среќен. Со своето хоби копаничарство тој трпеливо го претвора парчето дрво во уметност.



Садуш Бајрамовски. III год. графичка струка: Тренирам фудбал во ФК „Топ гол", а играм и во „Тиквеш" – Кавадарци. Фудбал играм затоа што сакам и затоа што сакам да постигнам нешто, како и секој млад фудбалер. Редовно учествувам и на натпревари, а со тимот имаме освоено и награди.

Во трета год. графичка струка има и други креативци: Елеонора Балтова е играорка од КУД „Ацо Ѓорчев"; Милорад Петровиќ сè повеќе навлегува во графичкиот дизајн, но прави обиди и како текстописец. Ридван Ридван игра фудбал во ФК „Топ гол" – Битола; Мартина Стојаноска пишува, твори, и секако собира награди, најмногу за поезија, но има свои обиди и во прозата; а Христијан Стојановски се занимава со рекреативен бодибилдинг.

ГРСТ-ЗАБАВА: ОСУМНАСОЧНИК

А	Ј	И	Р	Т	Е	М	И	С	А	В	К	У	Б
С	О	У	Т	А	К	И	Д	А	С	К	А	Л	О
Л	Г	■	■	■	■	■	■	■	Е	О	О	И	Л
О	А	О	Б	Е	Т	К	А	■	■	К	Л	Ц	О
Г	Н	Р	■	■	Е	■	■	М	■	■	И	А	В
И	Л	И	■	■	Л	■	■	А	А	■	Н	З	О
К	И	Т	■	■	Е	■	■	С	Т	■	И	Б	З
А	О	М	■	■	В	■	■	А	Л	■	Ј	У	Д
К	К	И	■	■	И	■	■	Ј	А	■	А	К	У
А	М	К	■	■	З	■	■	И	С	■	Б	А	Х
О	П	А	■	■	О	■	■	Ф	Т	■	О	Ж	Е
Р	И	Д	■	■	Р	■	■	А	И	■	Л	О	Г
О	О	З	■	■	А	■	■	Р	Р	■	К	Е	Г
В	О	З	■	■	Д	■	■	Г	О	■	А	Е	Р
И	Н	Н	■	■	И	■	■	О	П	■	Р	И	С
Т	К	Ј	■	■	Ј	■	■	П	О	■	П	А	Т
А	И	А	■	■	А	■	■	И	Р	■	А	Т	2
Р	М	З	■	■	Т	О	Р	Т	А	■	Л	Р	0
А	Р	И	■	■	О	■	■	■	■	■	А	А	2
Н	Е	Д	Р	О	Р	А	Д	И	О	Л	Т	К	1

2 БУКВИ АД, АС, АТ, ДА, ЕЖ, ИД, КМ, МИ, ОК, ОМ, ОП, ПО, РТ, СИ, ФИ, ЗД

3 БУКВИ АЛО, АМА, АМИ, АРИ, АСЕ, ВОД, ВОЗ, ГОЛ, ДАР, ДУХ, ЗОО, ИКА, ИЛИ, ИМА, ИМЕ, ЈАС, КАЛ, КИМ, КИТ, КОЕ, КОИ, КОК, ЛАК, ЛЕР, ООН, ОПА, ОРА, ОРО, ПАТ, ПИР, РАК, РЕА, РИД, РИС, САМ, ТАП, ТИП, ТЛО

4 БУКВИ АЛАТ, БЛОК, БУКА, ВЕЛЕ, ГРСТ, ЗОРА, ЈАТО, ЈОГА, ЛИЦА, МАСА, ОГАН, ПОРИ, РОЗИ, РИМА, СИМЕ, СЛОГ, ТИРО

5 БУКВИ АТЛАС, БОЛКА, БУКВА, ДИКАТ, ЕРМИК, КАКАО, КАРПА, КАРТА, МЕТРИ, ОЛОВО, ОРДЕН, РАДИО, ТОРТА, УЛИЦА

6 БУКВИ АЗБУКА, ВОЗДУХ, ДИЗАЈН, КАОЛИН, ЛИНИЈА, ЛОГИКА, ОБЕТКА

7 БУКВИ ЈАБОЛКА, НАРАТИВ, РИТМИКА

8 БУКВИ СТИРОПОР

9 БУКВИ РАДИЈАТОР, ТЕЛЕВИЗОР

10 БУКВИ АСИМЕТРИЈА

11 БУКВИ ТИПОГРАФИЈА

14 БУКВИ СОУ ТАКИ ДАСКАЛО

БРОЕВИ 2021, 3

Изработиле: II 4, графички уредник-дизајнер

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ТАКИ ДАСКАЛО
БИТОЛА

takidaskalobitola@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk







ИНФОРМАТОР
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

14 ЈУНИ ОД 12:00 ЧАСОТ ДО 19:00 ЧАСОТ, 15 И 16 ЈУНИ ОД 07:00 ЧАСОТ ДО 19:00 ЧАСОТ, 17 ЈУНИ ОД 07:00 ЧАСОТ ДО 15:00 ЧАСОТ
23 И 24 ЈУНИ ОД 07:00 ЧАСОТ ДО 19:00 ЧАСОТ И 25 ЈУНИ ОД 07:00 ЧАСОТ ДО 15:00 ЧАСОТ
30 ЈУНИ ОД 07:00 ЧАСОТ ДО 19:00 ЧАСОТ

тел: 047-220-192

ул. „Димитар Илиевски - Мурато“ бр. 37 Битола

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ – Потребни се 60 поени – во гимназиско образование можат да се запишат сите кои имаат 60 или помалку поени бидејќи за уписот во јунскиот рок второ пријавување се очекува Министерството за образование и наука да ги намали потребниот број на поени..Наставните планови во гимназиско образование се поделени во три подрачја со по две комбинации и тоа:
-природно-математичко подрачје,
-општествено-хуманистичко, и
-јазично-уметничко подрачје.
Во рамките на училиштето работиме по најсовремени планови и програми, стручни професори и просторни и опремени училници. Исто така обезбеден е простор за работа со талентирани и надарени ученици.

БИЛИНГВАЛНА ПАРАЛЕЛКА: англиско - македонска, потребни се 60 поени, функционира во рамките на гимназиско образование. Учениците кои ке се запишат во гимназија во билингвална паралелка, се здобиваат со повисок степен на знаења од англискиот јазик бидеки дел од наставата се реализира на англиски јазик и се за чекор понапред од другите ученици за овој јазик. Со оглед на тоа што англискиот јазик е светски јазик, можностите за упис после завршување на школувањето се неограничени на сите високообразовни институции во земјава и странство.



Ученичката Емилија Крстевска која е дел од првата генерација на македонско-англиска билингвална паралелка, е добитник на целосна стипендија од програмата Кенеди-Лугар-размена и учење на младите (KL-YES Program) за учебната 2020/2021 година, како резултат на освоената прва награда за најдобар есеј на англиски јазик на Републичкиот натпревар

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС
природно-математичко подрачје: мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика(комбинација А) или биологија (комбинација Б)
општествено-хуманистичко: мајчин јазик и англиски јазик математика и историја
јазично-уметничко подрачје: мајчин јазик и англиски јазик математика и историја
билингвална паралелка:мајчин јазик и англиски јазик математика и историја





Графичкиот кабинет е комплетно опремен со најсовремени уреди за графичко производство

ГРАФИЧКА СТРУКА/СЕКТОР ГРАФИЧАРСТВО:
Графички техничар/графички уредник-дизајнер, комбинирана паралелка со четиригодишно траење за кого се потребни 45 поени и комбинирана паралелка **Печатар/Изработувач на визуелни апликации** со тригодишно траење за кого се потребни 30 поени при упис. Сите профили работат по реформирани модуларно дизајнирани наставни планови и програми. Графички уредник-дизајнер е нов и креативен профил за сите оние кои сакаат да се запознаат со тајните на графичкиот дизајн. Кај профилите со тригодишно траење школувањето може да се продолжи од трет во четврт степен со вертикална проодност по редовен или вондреден пат. Графичката струка има широка примена во современиот живот, се користи во сите области и наоѓа голема примена при дизајнирање на разни апликации во компјутерската техника. Учениците со завршен ваков вид на образование можат да се запишат скоро на било кој факултет, да се вработат во печатница или дизајн студио или да започнат сопствен бизнис.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС: мајчин јазик и англиски јазик, ликовно образование и хемија

СООБРАЌАЈНА СТРУКА/СЕКТОР СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ

Техничар за патен сообраќај за кој се потребни 55 поени и **Техничар за транспорт и шпедиција** – потребни се 60 поени,а за упис интересот за овие струки/ квалификации е многу голем кај завршените основци и затоа не се двоумете, запишете се бидејќи е можно местата да се пополнат. Можноста за вработување е многу голема во разни државни и приватни институции.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика



Членови на Училишната сообраќајна единица, зедоа учество во проектот на Општина Битола за обележување на побезбеден премин на улицата " Васко Карангелевски", кај ОУ "Елпида Караманди"



Изработка на костими за театарска претстава на Драмското студиот Арт и Медија кое е дел од продукцијата Божиловиќ со наслов „Дедо Мраз во трговски центар"

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА / СЕКТОР ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ:

Техничар за дизајн на облека/техничар за изработка на облека-комбинирана паралелка со четиригодишно траење за кого се потребни 45 поени. Учениците запишани во овие профили/квалификации се вработуваат најбрзо бидејќи работодавачите се заинтересирани за нив уште пред завршувањето на школувањето на учениците. Учениците од трет во четврт степен можат многу лесно да го продолжат своето школување по вондреден или редовен пат во зависност од нивните желби.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, хемија и математика

ГЕОЛОШКО РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА / СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА:

Геолошко-рударски техничар- реформирано образование, со четиригодишно траење за кого се потребни 45 поени при упис. Сите ученици кои имаат афинитет кон рударството да се запишат во гореспоменатите струки бидејќи потребни се ралитивно мал број на поени , а вработувањето после средно образование се реализира многу брзо. РЕК Битола има постојана потреба од овој вид профили и речиси нема невработени лица од оваа струка.



Учениците од геолошко - рударската и металуршка струка на практична настава.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика



Комплетно реновирани и опремен кабинет со најсовремена компјутерска опрема и софистициран софтвер

ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКАСТРУКА/ СЕКТОР ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОДЕЗИЈА :

Архитектности техничар/Градежен техничар комбинирана паралелка - потребни се 45 поени. За овој вид профили има голема заинтересираност од учениците бидејќи двата профила се со четиригодишно траење и се нови. За овој вид профили заинтересираноста од страна на градежните фирми и работодавачи е многу голема и се чуствува недостиг од нив на пазарот на трудот, односно нема невработени градежни и архитектонски техничари.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика

УГОСТИТЕЛСКО – ТУРИСТИЧКА СТРУКА/ СЕКТОР УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ :

Хотелско - туристички техничар за кој се потребни 45 поени при упис. Овој профил/квалификација е со четиригодишно траење, а учениците кои ќе се запишат на овој профил/квалификација ќе имаат широк простор за вработување пр. хотели, туристички агенции, Министерства и разни други прифатни и државни институции. Проодност од оваа струка има на сите високообразовни институции особено на факултетите за туризам и угостителство во земјава.



Практична настава во Пица-ресторанот "Корзо" - работа на рецепција

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, биологија и географија

Дел од практичната настава



СТРУКА/СЕКТОР: ЛИЧНИ УСЛУГИ

Техничар за козметичка нега и убавина, потребни се 45 поени при упис во прва година, а заинтересираноста на учениците е голема согласно потребите за развој на малото стопанство. Учениците кои ке се запишат во овој профил/квалификација имаат можност школувањето да го продолжат на високи образовни институции или да разработат сопствен бизнис. Современиот начин на живот неможе да се замисли без квалификувана работна сила од оваа област.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик,хемија и биологија

СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО" БИТОЛА УЧЕСТВУВА И ВО ПОВЕЌЕ МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ЕРАЗМУС + ПРОГРАМАТА

Erasmus+